**Добитници на Нобеловата награда за мир, предупредуваат против нуклеарна глад и опасноста да генерира две милијарди жртви**

**Меѓународната асоцијација на лекари за спречување на нуклеарна војна (IPPNW), добитник на Нобеловата награда за мир во 1985 година, и нејзината подружница од САД, Физичари за социјална одговрност, денес објавија нов извештај во кој е утврдено дека повеќе од две милијарди луѓе - една четвртина од светското население – се потенцијални жртви на нуклеарната глад, доколку дојде до размена на нуклеарни тестови во контекст на ограничен регионална војна која што може да се случи, на пример, меѓу Индија и Пакистан.**
**"А во нуклеарна војна се користи само мал дел од постоечките арсенали кои произведуваат масовни загуби глобално повеќе отколку што претходно се веруваше " изјави авторот на извештајот, ко-претседателот на IPPNW , д-р Ира Хелфанд.**
**"Нуклеарната глад: две милијарди луѓе во опасност?" е студија на д-р Ира Хелфанд од 2012 година. Како и во претходното издание, извештајот објавен денеска направен е врз основа на студијата од климатски научници во кои се оценува влијанието на нуклеарните експлозии на атмосферата и други екосистеми.**
**Извештајот доаѓа како резултат на меѓународниот импулс кој го разгледува прашањето за нуклеарното разоружување и тоа преку подобро разбирање за хуманитарното влијание на овие оружја. Во октомври, оваа година, 125 земји поднесоа заедничка изјава до ОН со која повикаа елиминирање на нуклеарното оружје, како хуманитарен императив. Во февруари, повеќе од 100 земји ќе се сретнат во Мексико да разговараат за хуманитарните последици предизвикани од нуклеарното оружје и потребата итно да се дејствува.**
**"Насекаде во светот - оние кои имаат нуклеарно оружје и оние кои немаат- мора да работат заедно за да се елиминира заканата и последиците од нуклеарна војна", вели д-р Хелфанд, и додава - "за да се елиминира оваа закана, ние мора да го елиминираме нуклеарното оружје. "**
**Поранешниот претседател на Советскиот Сојуз, Михаил Горбачов рече дека се заплашувачки наодите на овој извештај за нуклеарната глад и нагласи дека "ние мора да ги отфрлиме старите сценарија пишувани во време на Студената војна за употребата на ова оружје, и да се превземат мерки брзо елиминирање на сите арсенали на светот. "**
**ICAN - Меѓународната кампања за укинување на нуклеарното оружје која беше лансиран од страна на IPPNW во 2007 година и денес има повеќе од 300 партнерски организации во 80 земји, води кампања во корист на Договорот за забрана на нуклеарно оружје. Овој извештај дава дополнителна тежина на повикот за ican кој е вклучен од самиот почеток на преговорите за таков договор. (www.icanw.org )**

**Извештајот "Нуклеарната глад: Две милијарди луѓе во опасност? " е достапен на: www.ippnw.org**

**За ICAN во Македонија контактирајте ги Новинари за човекови права и Неформалната коалиција за неконвенционално оружје.**

**Наташа Доковска**

Новинари за човекови права
Венијамин Мачуковски 2А-3/16 Скопје Македонија
Тел 2461308 е-маил detstvo@detstvo.org.mk